ВЕЛЕС
Списанието Велес на Друштвото за наука и уметност од Велес излегува од 1997 година. Списанието е покренато по иницијатива на академик Александар Спасов, д-р Вера Весковиќ - Вангели и д-р Васил Тоциновски.

La revue Veles de l'Association des Seiences et des Arts de Veles parait depuis 1997. Sette revue a ete mise en train sur l'initiative de l'acad/ M. Aleksandar Spassov, d-r Vera Veskovich - Vangueli et d-r Vasil Totsinovski.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ВЕЛЕС | год. XVI | број 16 | с. 158 | Велес, 2012 |
| VELES | annee XVI | numero 16 | p. 158 | Veles, 2012 |

За издавачот
Горан Петров
Македонка Хаџи Петрушева

A titre d'editeur
Goran Petrov
Makedonka Hadji Petroucheva

Редакција
Васил Тоциновски (главен и одговорен уредник),
Славчо Ковилоски, Ранко Младеноски,
Никола Алтиев и Игор Крајчев

Rédaction
Vasil Tocinovski (rédacteur en chef et responsable),
Slavco Koviloski, Ranko Mladenoski,
Nikola Altiev i Igor Krajčev

Лектор и коректор
Верица Тоциновска

Lu et relu, corrections
Verica Tocinovska

Излегува еднаш годишно
La revue parait une fois par an

Адреса
Друштво за наука и уметност - Велес
ул. Трајко Панов бр.22, тел. 043 - 212 - 221

Adresse
Association des Seiencces et des Arts - Veles
22, rue Traiko Panov, tel. 043 - 212 - 221

Велес, 2012
Veles, 2012

## СТАТИИ

Ранко Младеноски

# „ПРЕТСКАЗАНИЕТО“ НА АТАНАС МАКЕДОНЕЦ И ЕДЕН РАСКАЗ ЗА АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ

### 1. Воведни белешки

Многубројни се книжевните дела од македонската литература во кои како лик фигурира славниот крал на античка Македонија, Александар III Македонски. Имено, Александар Македонски е присутен во нашата литература почнувајќи од народното творештво (песни, приказни, преданија, легенди) па сè до современата македонска литература во 21 век и тоа во сите книжевни видови. Безмалку во сите тие книжевни дела функционира симбиозата на фикцијата и факцијата, на книжевноста и историјата, на имагинацијата и автентичниот стварносен факт од настаните во минатото на античко-македонскиот живот.

Во овој труд разгледуваме две македонски книжевни дела за Александар Македонски. Станува збор за книгата „Пресказание на Голем Александр“ од Атанас Македонец од 1845 година, како и за еден средновековен расказ за Александар Македонски. Расказот за Александар Македонски се наоѓа во зборникот на В. Груиќ, а го препишал јеромонахот Данило во 1628 година во српска редакција. Како што потврдуваат Вера Стојчевска–Антиќ и Драгољуб Драгојловиќ,[1] преписот е извршен од постар зборник со македонска редакција, па според тоа може да зборуваме за македонско книжевно дело за Александар Македонски. Определувањето на оваа творба како апокриф од страна на Стојчевска–Антиќ и Драгојловиќ, сепак, го модифицираме со оглед на фактот што не станува збор за апокрифна литература во вистинска смисла на зборот туку за средновековен расказ или, пак, за легенда.

Од прегледот на овие две македонски книжевни дела можевме да се увериме дека во нив ликот на Александар Македонски, меѓу другото, се интегрира и како семема којашто претставува пресек на бројни културни идентитети. Во продолжение ќе ги раз-

[1] Вера Стојчевска–Антиќ, Драгољуб Драгојловиќ, Митологумена на средновековната кирилска писменост, Македонска книга, Скопје, 1990, стр. 75.

гледаме поодделно овие литературни творби со тоа што акцентот ќе биде ставен на ликот на Александар Македонски од аспект на неговата наративна функција како интерактивен код на културите.

**2. „Претскажувањата на Голем Александар“ од Атанас Македонец**

Едно необично и мошне интересно дело за Александар Македонски е делото „Пресказание на Голем Александр“ од Атанас Македонец објавено во Венеција во 1845 година. Ова дело е пишувано на македонски дијалект со грчка азбука, а кај нас за првпат го објави Вера Стојчевска–Антиќ во 1996 година.[2] Во оваа книга јеромонахот Атанас Македонец зборува за татковината на Александар Македонски, односно за Александровата „патрида“, поточно за патридата „на тој големиот човек“ и тоа на македонски народен јазик.[3] Во „Прологот на терџуманот“ (предговор на преведувачот) Атанас Македонец потенцира дека овие претскажувања на Голем Александар „прекажаја бес грешка коуку големи работи се направиа од тоа времето до денеска и кажваат и што ќе се сторит ушче“.[4]

Со својата содржина оваа книга гравитира кон средновековната „Александрида“, односно кон популарниот средновековен *Роман за Александар Македонски* и токму затоа би можело таа да се разгледува во рамките на средновековната литература како една од бројните верзии на средновековниот роман за Александар. Станува збор, имено, за проширување на делот од верзиите на средновековниот *Роман за Александар Македонски* во кој се збо-

---

[2] Атанас Македонец, Претскажувањата на Голем Александар, подготовка, предговор и транскрипција Вера Стојчевска–Антиќ, Зумпрес, Скопје, 1996.

[3] Вера Стојчевска–Антиќ тврди дека станува збор за превод од текст што бил познат на многу јазици повикувајќи се на искажувањата на Атанас Македонец во предговорот кој вели: „Ова ракописмо се напрај терџуме на сите јазици... сторив ниет... да го прам терџуме на сите јазици што се зборуваат на мојата патрида“. Сепак, Стојчевска–Антиќ не го наведува конкретниот извор што го користел Атанас Македонец при „преведувањето“. Тоа значи дека немаме податок за „оригиналниот текст“ од кој евентуално „преведувал“ Атанас Македонец!

[4] Атанас Македонец, Претскажувањата на Голем Александар, цит. дело, стр. 33.

рува за пророштвата на Александар во врска со иднината на Македонија и на големата империја што ја создал.[5]

Претскажувањата на Голем Александар, коишто се одвиваат во времето кога македонскиот крал е во претсмртна агонија, се однесуваат на иднината на Македонската Империја која ќе биде поделена по неговата смрт и тоа со крвави војувања меѓу наследниците, односно дијадосите:

„Сите ќе ја сакаат, сите ќе ја тргаат, еден будала од родење ќе ја тези. Порфирата ќе се искине, ќе се стурит, ќе се напрај бербат во крфта и во калта".[6]

Меѓутоа, со овие пророштва на Александар се зафаќаат и други периоди од историјата како што се јакнењето и ширењето на Римското Царство, подемот и падот на Египет за време на владеењето на Клеопатра, доаѓањето на Исус Христос, распаѓањето на големото Римско Царство, подемот и ширењето на Османлиската Империја, односно доаѓањето на Турците на Балканскиот Полуостров и конкретно во Македонија итн. Своите пророштва, Голем Александар ги започнува со иста реченица која во пр`тскажувањата се повторува неколку пати:

„Иљади годиње сет како денот од фчера".

Од веќе дадениот краток преглед на претскажувањата може да се види дека и во оваа книга на јеромонахот Атанас Македонец, ликот на Александар Македонски, меѓу другото, функ-ционира и како интерактивен код на културите. Преку пророштвата, ликот на Александар станува лик-интегрант на македонската и римската култура, на античката македонска култура и христијанството, на античката македонска и османлиската култура итн. Како и во другите верзии на средновековната „Александрида", и во „Претскажувањата на Голем Александар" се потенцира наративниот линк меѓу Александар Македонски и христијанството и тоа во духот на старозаветните пророштва. Голем Александар вака го претскажува доаѓањето на Исус Христос:

---

[5] За ова да се види: Псевдо-Калистен, Животот и делата на Александар Велики, превод Весна Димовска–Јањатова, Слово, Скопје, 2008, стр. 144 - 147; Непознат византиски автор, Александар кралот на Македонците, превод Ленче Милошевска, Зумпрес, Скопје, 1994, стр. 125 - 126; Александрида, редакција и превод Димитар Пандев, Macedonia Prima, Охрид, 2001, стр. 145.

[6] Атанас Македонец, Претскажувањата на Голем Александар, цит. дело, стр. 41.

„Човек не познаен ќе дојт од Прет-снце устрамотен од љуѓето и скрстен на земјата негова. Држи крст од мачење...“.[7]

**3. Средновековен расказ (легенда) за Александар Македонски**

Покрај „Претскажувањата на Голем Александар“ од Атанас Македонец, во овој текст разгледуваме и еден средновековен расказ (легенда) за Александар Македонски. Податокот за овој расказ го наоѓаме кај Вера Стојчевска–Антиќ и Драгољуб Драгојловиќ кои го детерминираат како „апокриф“, а станува збор, имено, за еден текст од зборникот на В. Груиќ којшто бил препишан во Гложане во 1628 година од грешниот јеромонах Данило во српска редакција. Сепак, како што се потенцира од страна на Стојчевска–Антиќ и Драгојловиќ, прототип на овој зборник „бил постар зборник со македонска редакција“.[8] Тоа, секако, значи дека можеме да зборуваме за македонски расказ или, пак, за македонска легенда за Александар Македонски, односно за македонски текст за Александар кој датира пред 17 век. Основниот мотив во овој расказ е потрагата по живата или бесмртната вода, односно потрагата по изворот на животот. Треба овде да се истакне дека овој мотив е чест и во македонските фолклорни умотворби за Александар Македонски.[9]

Во врска со овој расказ за Александар Македонски, Стојчевска–Антиќ и Драгојловиќ потенцираат:

„Изворот на животот во јужнословенскиот апокриф има двократна симболика. Со него Панора, ќерката на Александар, добива бесмртност и мистично сознание... Влијанието на мистичните струи во транспонирањето на изворот на животот во извор на бесмртноста и сезнаењето што било веќе вообичаено во христијанската теолошка книжевност, се чувствува и во нашиот апокриф за Александар Македонски: неговата ќерка Панора со водата на животот ја менува својата смртна природа во бесмртна

[7] Исто, стр. 45.

[8] Вера Стојчевска–Антиќ, Драгољуб Драгојловиќ, Митологумена на средновековната кирилска писменост, цит. дело, стр. 75.

[9] Идентична наративна структура со расказот за Александар Македонски и со мотивот за барањето на бесмртната вода срекаваме во преданието со наслов „Цар Александр“ објавено во Зборникот на браќата Миладиновци. Да се види: Димитрија и Константин Миладиновци, Зборник на народни песни, Редакција: Харалампие Поленаковиќ и Тодор Димитровски, Македонска книга, Скопје, 1983, стр. 502.

и станува Самовила, Сибила, пророк од ориенталната и античката визионерска книжевност, а симбол на Параклит и духот утешител во манихејско-богомилските верувања“.[10]

Според двајцата автори, имено, во расказот (според нив „апокрифот“) за Александар Македонски е извршен спој на два мотива коишто претставуваат најзначајни елементи од средновековната есхатологија: а) бесмртноста; б) мистичното сезнаење.[11]

Тоа, секако, значи дека изворот на животот, односно бесмртната вода во овој расказ за Александар Македонски, кој да потсетиме потекнува од македонска предлошка, односно од постар македонски ракопис, има двојна улога што, пак, од своја страна има „многубројни аналогии во средновековната апокрифна и обредна книжевност“.[12] Покрај ова, Стојчевска–Антиќ и Драгојловиќ даваат и една паралела помеѓу овој расказ за Александар Македонски и рабинската сказна за Соломон и Сибила на изворот на животот.

Есхатолошкиот мотив за изворот на животот е еден од мошне раширените мотиви во бројни култури. Овој мотив се среќава во Талмудот, во сириската книжевност, во делата на некои христијански и исламски писатели, во средновековната „Александрида“,[13] а тој се појавува и во македонските народни умотворби и во расказот за Александар Македонски. Ваквата распространетост на овој мотив ја прикажуваме на следниот дијаграм.




[10] Вера Стојчевска–Антиќ, Драгољуб Драгојловиќ, Митологумена на средновековната кирилска писменост, цит. дело, стр. 83 - 84.
[11] Исто, стр. 84.
[12] Исто, стр. 86.
[13] Исто, стр. 75.

*Распространетоста на есхатолошкиот мотив за изворот на животот*

Од аспект на сижето, односно на содржината, расказот не покажува некои сериозни индиции за интегрирање на ликот на Александар Македонски како интерактивен код на културите. Меѓутоа, ваквата екстензивна пројава на мотивот што е примарен во нашиот расказ би можеле да ја детерминираме како книжевно-историска врска меѓу бројни различни и мошне оддалечени култури, а главната ролја во тоа ја има ликот на Александар Македонски. Овој факт од книжевно-компаративна природа ни дава за право да констатираме дека и во овој македонски текст од средновековната литература ликот на Александар Македонски има функција на интерактивен културен код.

**4. Заклучни изводи**

Двете книжевни дела за кои зборуваме во овој труд, а тоа се „Претскажувањата на Голем Александар“ од Атанас Македонец и средновековниот расказ од 17 век, влегуваат во делот на македонската книжевност кој е посветен на славниот античко-македонски крал Александар Македонски. Врз основа на извршената анализа, можеме да заклучиме дека ликот на Александар Македонски се интегрира како интерактивен код на културите во книгата „Претскажувањата на Голем Александар“ од јеромонахот Атанас Македонец, но, како што покажавме, и во средновековниот расказ за Александар Македонски. Сижеата на „Претскажувањата на Голем Александар“ од Атанас Македонец и на средновековниот расказ содржат бројни особености коишто претставуваат мошне солидни индиции за интеркултурните релации во кои доминантната улога ја има ликот на македонскиот крал Александар III Македонски. Ваквата функција на ликот на Александар Македонски ја среќаваме и во книжевно-историските слоеви на делата, но и во фикциските, имагинативно-фантазмагоричните наративни структури.

Во интеракцијата на разните народи и култури во двете анализирани книжевни дела присутни се два основни, темелни, суштински принципи на реализирана комуникација што зависат од почитувањето, односно непочитувањето на „Другите“, но и од воспоставената субординираност на културите, односно нивното категоризирање и специфицирање како супериорни и инфериорни:

а) толерантна интеркултурна комуникација;

б) расистичка интеркултурна комуникација.

Иако ликот на Александар Македонски е интегриран како семема со доминација на атрибутите кои му припаѓаат на полето на културната интеракција, сепак македонскиот крал се детерминира и како патриот, како Македонец приврзан за својата татковина, односно „патрида“ како што вели Атанас Македонец.

**Библиографија**


1. Александрида, редакција и превод Димитар Пандев, Macedonia Prima, Охрид, 2001.
2. Атанас Македонец, Претскажувањата на Голем Александар, подготовка, предговор и транскрипција Вера Стојчевска–Антиќ, Зумпрес, Скопје, 1996.
3. Миладиновци, Димитрија и Константин, Зборник на народни песни, Редакција: Харалампие Поленаковиќ и Тодор Димитровски, Македонска книга, Скопје, 1983.
4. Непознат византиски автор, Александар кралот на Македонците, превод Ленче Милошевска, Зумпрес, Скопје, 1994.
5. Псевдо-Калистен, Животот и делата на Александар Велики, превод Весна Димовска–Јањатова, Слово, Скопје, 2008.
6. Стојчевска–Антиќ Вера, Драгојловиќ Драгољуб, Митологумена на средновековната кирилска писменост, Македонска книга, Скопје, 1990.